Ваш деловен соработник во светот на бизнисот
# БИЗНИС ИНФО
100 години
Број 498 www.mchamber.mk 01.7.2022

# ТИМОВИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА „ТАБАНОВЦЕ“ – ЌЕ ГИ СЛЕДАТ ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ВЛЕЗ И ЗА ИЗЛЕЗ НА СТОКИ




*ЈАВЕН ПОВИК - ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ФОНДОВИТЕ НА ЕУ*

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# КОМОРАТА ПРЕДЛАГА КОНЦЕПТ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД КРИЗАТА



ПОТРЕБНА Е ДРЖАВНА СТРАТЕГИЈА ЗА КОМПАНИИТЕ ДА ГО ПРЕЖИВЕАТ МУЛТИКРИЗНИОТ ПЕРИОД И ЗА ДА СОЗДАДАТ УСЛОВИ ЗА НАТАМОШНО ФУНКЦИНИРАЊЕ

Македонската економија се наоѓа пред едно од најголемите искушенија од осамостојувањето. Мнозумина ќе кажат дека економската криза во која се наоѓаме не е ништо ново за нашата држава и дека ние сме немале период во кој државата од осамостојувањето не била во криза. Да, тоа е така, но и не е така. Претходниот период годините што изминаа беа исполнети со големи искушенија поради тоа што поминувавме од криза во криза, почнувајќи од кризата со короната, па имавме криза со енергијата, а денес живееме и со криза која настанува како рефлексија на она што се случува во Украина.

Мислам дека светот никогаш не бил во поголемо искушение, особено Европа, пазарот на кој ние како држава сме потпрени многу. Прекинати се традиционалните извори на енергија, прекинати се синџирите за снабдување, намалена е побарувачката, а во периодот што следува во најава е и голема криза со храна. Сето ова упатува на потребата да се биде многу рационален и да се менаџира со ресурсите и не е случајно што најголемите светски економии, почнувајќи од Германија, повикуваат на рационално однесување спрема изворите и ресурсите и на рационално управување со сите можни извори на економија, со што дури малку и смешно изгледа тоа што повикуваат на штедење. Навистина на светот му треба мегаштедење поради тоа што се наоѓа во ситуација во која оваа криза мора да биде надмината во многу кратко време.

Ние во Комората ова го видовме многу рано и, како и секогаш, му пристапивме на решавањето на проблемот многу прагматично. Анализиравме, викавме експерти, правевме согледувања и размислувавме, па еден дел од тие согледувања се конципирани во нашите приоритетни обврски, кои се однесуваат на нас, на чинителите на економијата, но, секако, и на државата, која има потреба да се осврне на тие случувања. За нас во Комората е важно државата да се однесува навистина како да е во криза. Нам ни треба однесување на државата кое ќе подразбира дека ќе имаме потреба да имаме дури и кризни штабови и штабови кои ќе помагаат да се преживее овој период, затоа што ако во нешто треба да успееме, паралелно со заштитата на стандардот на граѓаните, тоа е да ја зачуваме економија за подолг период.

Не треба да нагласам дека на државата ѝ се потребни нови извори на енергија; на државата ѝ треба активна политика во делот на алтернативните извори на енергија; на државата ѝ треба стратегија која ќе овозможи компаните да го прежиеват овој период и да создадат услови за натамошно функцинирање.

ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И НА ЦАРИНСКИТЕ СТАПКИ ЗА СУРОВИНИТЕ ЗА ОДРЖЛИВО КОНКУРЕНТНО ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО

Претходно проговоривме за економската состојба во која ќе се најде државата во периодот што следува, но не се само општите заложби за мобилизирање на силите околу менаџирањето со кризата она што е потребно. Секако, потребни се и практични, прагматични мерки, кои на нашата економија ќе ѝ дадат можност да го преживее периодот што следува. Две од тие мерки се однесуваат, првенствено, на активната употреба на механизмот за јавни набавки, во која државата, како најголем учесник во делот за создавање на побарувачката во државата, може директно да влијае врз можностите и врз позиционирањето на нашите компании, како и врз механизмот на царинските тарифи, со кои државата ќе им овозможи на нашите компании да добијат конкурентен извор за производство, а со тоа да добијат и производ кој ќе биде, пред сè, регионално.

Да не заборавиме, Македонија веќе подолго време се наоѓа во зоната на слободна трговија со земјите во регионот и ја ужива придобивката на отворената економија, но мора да се соочи и со конкуренција која во другите држави е немилосрдна, а изворите за репроматеријали кај нив немаат идентично оптоварување.

Она што е важно да се каже е тоа дека државата мора да најде ефикасни механизми, и покрај општите заложби за слобода на пазарот и заложбите на Светската трговска организација дека економијата треба да биде целосно отворена, и мислам дека во услови на криза на државата ѝ е потребно таа да се фокусира и да најде начин како ќе им помогне на нашите компании во периодот што следува.



БЕЗ РАБОТНИЦИ НЕМА КОМПАНИИ, НО БЕЗ КОМПАНИИ НЕМА НИТУ РАБОТНИЦИ

Стопанската комора во континуитет покренува разни иницијативи и доставува барања до надлежните институции, се’ со цел да се им се помогне на компаниите во нивното работење.

Од почетокот на годинава се доставени повеќе иницијативи, на пример, инцијатива поврзана со Законот за извршување, друга иницијатива поврзана со Законот за работни односи во неколку сегменти, вклучително и за недела неработен ден итн.

Притоа, важно е да се истакне дека иницијативите и барањата на Стопанската комора се насочени кон обезбедување опстанок и зголемување на успешноста на компаниите набљудувани во целина. Стопанската комора не е организација само на работодавачите, за тоа постои друга посебна институција што така се вика. Значи Стопанската комора е комора за компаниите во целина, и за сопствениците и за работниците, а помеѓу нив и за менаџерите. Тоа се три групи на играчи на една иста екипа која не може да се натпреварува на пазарот доколку не е комплетна со сите три групи. Сите тие се меѓусебно нераскинливо поврзани и во тој контекст никој не ги сака повеќе работниците од оние што им даваат плата за вложениот труд и придонес.

Имајќи го ова предвид, важно е да се разбере дека кога се носи правна регулатива за работењето на компаниите таа мора да биде избалансирана за целината на работењето на компаниите и да биде во линија со пазарните законитости за да можат компаниите да опстанат и да бидат успешни на долг рок.

Ако законските одлуки не се такви, имаат само парцијален фокус и носат бенефиции само за една група играчи во тимот, на пример работниците, а со таквите одлуки се зголемуваат финансиските обврски за компаниите, не се овозможува работење на компаниите, на пример во недела и не се води сметка за законитостите на пазарната економија, тогаш таквите законски решенија на долг рок не се добри ниту за самите работници.

Да не заборавиме дека компаниите се борат на пазар кој сега е глобален и мора да бидат конкурентни со цената на своите производи и услуги за да опстанат на пазарот.

Ако компаниите не се конкурентни заради законски решенија со парцијален фокус, тогаш компаниите мораат соодветно да го прилагодат своето работење за да опстанат и за да ги сочуваат оние работни места што пазарот им дозволува да ги сочуваат.

ДА НЕ СЕ МЕНУВА ДАНОЧНАТА ПОЛИТИКА, А ВАЖНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗАКОНИ СЕКОГАШ ДА СЕ НОСАТ ВО КОНСУЛТАЦИЈА СО БИЗНИСОТ

Секогаш кога има криза, а во моментов се неколку истовремено, по правило постои голема неизвесност за иднината, а тоа многу го отежнува работењето на фирмите.

За да му се помогне на приватниот бизнис-сектор и за да можат фирмите подобро да ги планираат своите активности за излез и за спас од кризата, треба да се обезбеди колку што е можно поголема предвидливост на условите за работење.

Имајќи го предвид сето ова, како и важната улога на даночната политика, Стопанската комора укажува на потребата:

во наредниот период од две-три години да не се менува даночната политика, да не се зголемуваат даночните стапки и да не се менува начинот на оданочување;
навремено да се врши враќањето на данокот на додадена вредност;
навремено да се сервисираат обврските на јавниот спрема приватниот сектор.

Притоа, ако државата има потреба од повеќе пари во својот буџет, нив треба да ги обезбеди преку намалување на сивата економија. Значи, да се наплаќа од оние кои избегнуваат да ѝ платат на државата, а не да се зголемуваат даноците за оние кои редовно си ги извршуваат финансиските обврски спрема неа.

Во оваа прилика сакаме повторно да укажеме и на потребата законите кои се од особена важност за деловното работење секогаш, без исклучок, да се носат во рамките на еден транспарентен и инклузивен процес.

Тоа значи дека мора да престане носењето важни економски закони без консултација со бизнисот, затоа што така се пропушта шансата да се изберат најдобрите законски решенија, со кои најмногу ќе се придонесе за развој на македонската економија.

# ЈАВЕН ПОВИК - ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ФОНДОВИТЕ НА ЕУ

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (КИФ ЗБ6), ве поканува да аплицирате и да учествувате во програмата за поддршка и обезбедување техничка помош за малите и средни претпријатија при аплицирање за фондови на ЕУ. Оваа активност ја спроведува Стопанската комора на Северна Македонија во рамки на проектот за Поддршка на Европската Унија на националните комори од Западен Балкан и е целосно финансирана од ЕУ. Повеќе информации за ЗБ6 Коморскиот инвестициски форум и други алатки за поддршка на микро, мали и средни претпријатија (ММСП) можете да најдете на нашата веб-страница: www.wb6cif.eu.

Јавниот повик за Програмата за поддршка на малите и средни претпријатија при аплицирање за пристап до фондовите на Европската Унија предвидува учество на 60 ММСП од Западен Балкан, од кои 10 се за компании од Република Северна Македонија.

Ве покануваме да се пријавите на нашата платформа која е специјално дизајнирана за спроведување на оваа активност и избор на потенцијални учесници во програмата. Може да се пријавите на следниот ЛИНК.

Платформата ќе служи како клучна точка за контакт, центар за помош и центар за знаење за потенцијалните ученици. Платформата ќе се користи за да се оцени подготвеноста на ММСП да учествуваат во оваа програма и да се обучуваат за сите аспекти на учество.

Повеќето повици за предлози достапни во регионот на Западен Балкан финансирани од ЕУ, имаат слична (универзална) процедура. Нашиот курс и тест за проценка на подготвеноста е дизајниран да им помогнат на потенцијалните кандидати да ја разберат оваа универзална процедура преку општ пример на повик за предлози. По успешното завршување на курсот, нашиот тим ќе ве контактира и ќе закаже онлајн интервју каде ќе разговараме за вашата идеја и моментално отворените повици на кои можете да аплицирате. По завршувањето на процесот на селекција, 10-те избрани ММСП ќе добијат индивидуална поддршка во писмена форма и во процесот на поднесување апликација за соодветниот јавен повик.

Повеќе информации за процедурата за аплицирање и тестот за проценка на подготвеноста на компанијата може да најдете на онлајн платформата.

За сите дополнителни информации и прашања, ве молиме контактирајте со м-р Сања Николова на следната е-адреса: sanja@mchamber.mk или на тел: +389 2 3244091, моб: 071 230 452.



# Германското know-how, трансфер на технологија и потенцијални области на соработка од заемен интерес во рамки на ЕЕН мрежата




Во просториите на Стопанската Комора на Северна Македонија се одржа работен состанок во рамки на ЕЕН (Enterprise Europe Network) проектот, со претставници од Комората, од МИР Фондацијата од Скопје, како и претставници од институциите на покраината Северна Рајна-Вестфалија, односно Државната канцеларија, Министерството за економски прашања, иновации, дигитализација и енергетика и Агенцијата за трговија и инвестиции.

На состанокот се презентираше работењето на Комората, како и активностите во рамки на ЕЕН мрежата, а дополнително се дискутираа области кои би биле од интерес за двете држави со цел вмрежување на компаниите и поттикнување на поголема соработка. Земајќи ја предвид актуелната светска ситуација и проблемите со кои се соочуваат компаниите, беше истакната важноста за наоѓање иновативни решенија кои би им помогнале на компаниите полесно да се справат со енергетската криза. Германското know-how, трансфер на технологија, како и искористување на германското искуство при креирање политики би играле клучна улога во воспоставување рамка со цел на ублажување на последиците од кризата и постепено преминување кон обновливи извори на енергија, со што би се исполниле целите од Зелената агенда. Понатаму, како потенцијални области на соработка беа споменати текстилната индустрија, автомобилската и прехранбената индустрија.

Двете страни се согласија дека потребно е да се организираат настани во форма на Бизнис форуми, Б2Б средби и слично со цел максимално искористување на потенцијалот на двете држави во креирањето на win-win решенија.

Сојузна Република Германија традиционално е прв трговски партнер на Република Северна Македонија, и иако вкупната трговска размена за првите три месеци од 2022 бележи благ пад од 4,85% во однос на истиот период лани, остварена е вкупна надворешна-трговска размена од 1,2 милијарди САД $ што ја позиционира на првото место.

# ТИМОВИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА „ТАБАНОВЦЕ“ – ЌЕ ГИ СЛЕДАТ ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ВЛЕЗ И ЗА ИЗЛЕЗ НА СТОКИ

Во наредните два месеца, во јули и во август, лица вработени во Стопанската комора на Северна Македонија ќе бидат присутни на граничниот премин „Табановце/Прешево“, односно на најфреквентниот граничен премин во нашата држава, со цел спроведување на проектот „Следење на протокот на стоки на граничниот премин 'Табановце'“. Во работните денови од јули и од август, од 9:00 до 15:00 часот, на конкретниот граничен премин ќе се прибираат изворни податоци од компаниите кои се извозно ориентирани, но и непосредно ќе се согледаат потенцијалните проблеми во соработката со надлежните органи, по што ќе следуваат и соодветна анализа на состојбите и предлози од Стопанската комора за подобрување на состојбите во делот на олеснувањето на протокот на стоки на граничниот премин.

За таа цел, на прес-конференција во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија оперативниот директор за претставување на членките и за вмрежување при Комората, Билјана Пеева-Ѓуриќ, информираше дека Комората континуирано учествува во активностите поврзани со иницијативата „Отворен Балкан“, со цел подобрување на условите за работа на компаниите во регионот, односно со цел олеснување на увозот, извозот и на движењето на стоките, на слободното движење на земјоделските производи и на храната, како и на слободното движење на непрехранбените производи, трудот и на капиталот.

„Во рамките на оваа иницијатива, меѓу државите кои се нејзини поддржувачи (Македонија, Србија и Албанија) се потпишаа повеќе меморандуми и договори, кои треба да придонесат за олеснување на протокот на стоки, од кои значајни за протокот на стоки се договорите во делот на меѓусебното признавање на статусот овластен економски оператор, како и договорите за соработка во делот на ветеринарните и на фитосанитарните контроли, а и други активности кои беа спроведени со цел воспоставување заеднички контроли и предвидување зелени линии и посебни линии за проток на стоки од 'Отворен Балкан'“, истакна Пеева-Ѓуриќ.

„Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со својот партнер од Република Србија, Привредна комора Србије, во повеќе наврати реализираше средби со надлежните институции на граничниот премин, од македонска и од српска страна, како и со засегнатите страни од нивното работење (шпедитерите и претставниците на извозно ориентирани компании), односно континуирано ги следи состојбите во делот на меѓународната трговија и на транспортот“, вели оперативниот директор.

„За нас како мала и отворена економија и како активна транзитна земја ефикасното преминување на границите е суштинско, а Стопанската комора во континуитет укажува дека традиционалната улога на Царината и на другите органи кои вршат контроли на граничните премини треба да се менува од чувари заштитници на општеството од нелегални активности во партнери на компаниите. Во овој контекст, дигитализацијата, бесхартиените постапки, транспарентноста, формалностите пред и на границата, како и соработката меѓу институциите се императив за обезбедување непречен прекуграничен проток на стоки. Напредок во овој дел има и како стопанска комора изразуваме задоволство од соработката со надлежните органи во државата, но и со оние во регионот. Но, наедно, укажуваме дека, во согласност со реакциите на нашите компании членки, и во делот на




регулативата и во делот на постапките, веројатно, постои простор за подобрување на состојбите, особено кога станува збор за контроли на специфичен вид стоки“, изјави м-р Анета Димовска, координатор на првата група вработени во Комората кои ќе присуствуваат на „Табановце“ во јули.

„И натаму на граничниот премин „Табановце“, кој е најфреквентниот граничен премин во нашата држава, може да се утврдат колони од транспортни возила, кои чекаат ред за да ја минат границата, како за влез така и за излез од државата.

Затоа, во наредните два месеца лица вработени во Стопанската комора на Северна Македонија ќе бидат присутни на граничниот премин „Табановце/Прешево“, со цел на дневна основа да се следат и да се анализираат состојбите и фреквенцијата на граничниот премин, но и практично да се согледаат ефектите од мерките кои беа преземени во рамките на иницијативата „Отворен Балкан“, но и, независно од конкретните мерки во рамките на иницијативата, генералната функционалност на граничниот премин, за да се утврдат потенцијалните можности за олеснување на протокот на стоката“, вели Димовска.

Лицата од Стопанската комора на Северна Македонија ќе бидат соодветно означени, за да бидат препознатливи за компаниите и за вработените во органите на граничниот премин, и ќе имаат канцеларија, која ни ја обезбеди Царинската управа, на која ѝ благодариме за соработката.

За одредени прашања поврзани со извозно-увозните и со транзитните постапки, компаниите ќе можат да се обратат до Стопанската комора на Северна Македонија и преку нашата веб-страница.

По завршувањето на следењето се надеваме дека овој проект на Стопанската комора на Македонија ќе заврши со конкретни предлози

1. до надлежните органи во нашата држава за прашањата кои се од нивни домен, со цел подобрување одредени состојби, но и

2. до партнерите во рамките на иницијативата „Отворен Балкан“ за прашањата кои се регионални и кои бараат постапување на органите од соседните држави.

# ОСТВАРЕНА РАБОТНА СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ НА АРГЕНТИНСКАТА РЕПУБЛИКА ВО НАШАТА ЗЕМЈА СО СЕДИШТЕ ВО СОФИЈА



Оперативниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија, Билјана Пеева-Ѓуриќ, оствари работна средба со амбасадорот на Аргентинската Република во нашата земја, со седиште во Софија, Н.Е. Алфредо Нестор Атанасоф.

Амбасадорот Атанасоф изрази голема благодарност за приемот и воедно изрази интерес во иднина ваквиот тип на средби да станат редовна пракса и на ниво на претставници од бизнис заедниците од двете земји. Тој додаде дека Република Аргентина е четврт најголем извозник на месо и трет најголем извозник на житни култури во светот.

Целта на посетата беше унапредување и интензивирање на економската соработка во секторите кои се од заеднички интерес особено прехранбената индустрија. Дополнително, беше даден предлог да се одржи и он-лајн презентација на потенцијалите и можностите за соработка со компаниите, како и нивно информирање за царинските постапки и процедури при увоз на производи во Р. Аргентина.

Вкупната надворешно-трговска размена на Република Северна Македонија со Аргентинската Република во периодот јануари-март 2022 година достигна вредност од 5,5 милиони САД $, што претставува раст од 1,19% во однос на истиот период од претходната 2021 година.



# КВАЛИТЕТНОТО ЗАСТАПУВАЊЕ ВОДИ КОН ЦЕЛТА



Застапувањето е важен процес кој влијае на донесувањето на одредени промени и реализација на одредени цели во рамките на економските, социјалните и политичките системи и институции, а комуникацијата е чин за квалитетно пренесување на пораките и информациите до соговорниците и засегнатите страни и охрабрување на соговорниците да влијаат на прифаќање на одлуките и промените.

За таа цел, во Охрид, беше реализирана тридневната интензивна обука на тема: "Застапување и комуникација". На обуката учество зедоа претставници од Стопанската комора на Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните кои се подготвуваа како да го применуваат процесот на застапување во спроведувањето на нивните промени, одлуки, цели и процеси и транспарентноста и видливоста на одлуките кои треба да се донесат.

Обуката беше поддржана од страна на швајцарскиот проектот „Образование за вработување на Северна Македонија (Е4Е@мк)" кој започнува со реализација на втората фаза (2022-2026) која повторно ќе биде насочено кон поддршка и унапредување на стручното образование и обука како и се поголемо вклучување на приватниот сектор во формалното и неформалното образование.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Презентација**

**07.07.2022**

## Он-лајн презентација на инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој, Ве покануваат на он-лајн презентација за условите за аплицирање на отворениот јавен конкурс за инструментот за поддршка- Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва Старт-Ап и Спин-Оф.

Целта на јавниот конкурс е да се поттикне развој на иновативност кај новоснованите трговски друштва преку обезбедување на неопходната финансиска поддршка за активности поврзани со истражување и развој. Дополнително, се очекува да се поттикне развој на културата на преземање на ризик и на воведување иновации, да се обезбеди поддршка за правните лица кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес и/или услуга, како и да поттикне комерцијализација на резултатите од истражувањата спроведени во рамки на високообразовните односно научно-истражувачките установи.

Преку овој инструмент Фондот обезбедува финансиска поддршка за претпријатија не постари од 6 години до моментот на аплицирање или проектни тимови составени до максимум 5 лица.

Има две групи на кофинансирање од страна на ФИТР:

- До €40,000 и до 90% од вкупниот буџет на проект за трговски друштва до 3 години постоење до моментот на аплицирање или за проекти поднесени од страна на проектен тим.
- До €60,000 и до 85% од вкупниот буџет на проект за трговски друштва со над 3, а помалку од 6 години постоење до моментот на аплицирање.

Сите информации поврзани со јавниот повик се достапни на следниот линк:
https://fitr.mk/startapuvaj4/

Настанот ќе се одржи на 07.07.2022 (четврток), со почеток во 12:00 часот, преку зум апликацијата.
Join Zoom Meeting:
https://us06web.zoom.us/j/87377289308?pwd=VHVoTWxKb0RzZ0dkdnQ0cVhod1RMQT09
Meeting ID: 873 7728 9308
Passcode: 071905



**Семинар**

**12.07.2022**

## ВОВЕДУВАЊЕ НА СТАТУСОТ ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР ВРЗ ОСНОВА НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И ПРИДОБИВКИ ЗА ИМАТЕЛИТЕ НА ОДОБРЕНИЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 12.07.2022 година, организира еднодневна работилница на тема: „Воведување на статусот овластен економски оператор врз основа на меѓународни стандарди и придобивки за имателите на одобрение“ со цел економските оператори да се запознаат со статусот овластен економски оператор, неговото значење во меѓународната трговија и начинот и постапката како да се дојде до него, а се со цел да се користат поволностите од страна на имателите на одобрение.

Во текот на работилницата ќе бидат објаснети сите аспекти околу дефинирање на поимот овластен економски оператор, законските основи, можностите и начинот за поднесување на барање и добивањето на одобрение. Истовремено учесниците ќе добијат практични совети во врска со начинот на подготовка на економскиот оператор за поднесување на барањето, но и начинот на следење на одобрението и континуирано исполнување на истите. Исто така ќе бидат објаснети поволностите пропишани со законските прописи и начинот и постапките за нивно остварување. Посебно внимание ќе биде посветено и на взаемното признавање на одобренијата за овластен економски оператор и неговото значење за економијата на Република Северна Македонија

Предавачи:

- Офелија Бајо, помошник директор на Сектор за царински систем во Царинската управа на Република Северна Македонија и
- Билјана Гаџовска, самостоен советник во Одделение за царински и даночни постапки во Сектор за царински систем во Царинската управа на Република Северна Македонија.

За сите учесници на семинарот ќе биде обезбедено:
- работен материјал доставен електронски;
- ручек и освежување;
- сертификат за присуство на семинарот.

Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 08.07.2022 година.

**Конференција**

**26.07.2022 - 28.07.2022**

# ХИБРИДНА КОНФЕРЕНЦИЈА И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ „CONNECTO 2022“

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со ИНТЕРА-Технолошки парк, Мостар, БиХ и во рамки на ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве поканува да земете учество на претстојната конференција и деловни средби на тема: CONNECTO 2022 што ќе одржат во периодот од 26-28 јули 2022 година во Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ.

Настанот претставува одлична можност да се воспостават контакти со партнери, клиенти и добавувачи од Босна и Херцеговина, регионот на Западен Балкан и од светски рамки.

Настанот е наменет за услужните дејости од следните сектори:

- Дигитализација;
- ИКТ и телекомуникации;
- Производи и полупроизводи од метал, дрво и пластика;
- Инженерски, дизајн и консултантски услуги;
- Градежна индустрија;
- Индустриски и градежни алатки и машини;
- Винарство, земјоделство и храна и
- Туризам, спорт и рекреација.

Учеството на настанот е бесплатно. Целата програма ќе биде подеднакво видлива и достапна за посетителите на локацијата и за оние кои учествуваат онлајн. Настанот ќе се одржи во просториите на Технолошкиот парк ИНТЕРА како и на онлајн веб платформата. Официјални јазици ќе бидат на англиски, босански, хрватски и српски јазик.

Регистрацијата е отворена до 25 јули 2022 година на следниот линк: https://connecto.ba/signup.






**Настан**

**12.10.2022**

# „MARKETPLACE AUSTRIA FOOD AND BEVERAGES 2022“ БИЗНИС-СРЕДБА НА АВСТРИСКИ ФИРМИ

Стопанската комора на Австрија, во соработка со Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Северна Македонија и со Стопанската комора на Северна Македонија, организира деловни средби меѓу австриски фирми производители на прехранбени производи и интернационални увозници на прехранбени производи.

MARKETPLACE AUSTRIA FOOD AND BEVERAGES претставува настан со 17-годишна традиција и со најголема посетеност, на кој присуствуваат компании производители на храна, како и трговци на мало и на големо од целиот свет.

Настанот претставува ексклузивна можност купувачите на храна и на пијалаци да се сретнат со добавувачи и со производители во Виена и да го доловат вкусот на Австрија. Целта е да ја зголемат својата мрежа на контакти, да пробаат нови производи, да запознаат нови добавувачи, да разменат нови идеи и да остварат деловна соработка со познати компании и експерти за производство и за трговија на големо и на мало со храна и со пијалаци од целиот свет.

Настанот ќе се одржи на 12.10.2022 година (среда) во Стопанската комора на Австрија во Виена.

Ве информираме дека доколку сакате да учествувате на овој настан, како и на B2B-средбите, задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://food2022.b2match.io/signup, каде што можете да ги видите сите компании кои се пријавени досега, да ја видите програмата и сите други релевантни информации во врска со настанот. Поради ситуацијата со COVID 19 купувачите, исто така, можат да учествуваат виртуелно, со што при регистрацијата тие мора да изберат меѓу „дискусии на самото место“ или „дискусии преку интернет“.

Рокот за пријавување е до 30.9.2022 година.

За компаниите кои ќе се пријават и кои ќе обезбедат учество на деловните (Б2Б) средби со австриските компании ќе бидат обезбедени:

- две бесплатни хотелски ноќевања со појадок,

доколку се исполнат следните услови:

- компанијата учествува за првпат на пазарот или има учествувано последен пат пред 5 години (2017) и има најмалку 5 резервации за состаноци со австриски компании;
- компанијата учествувала на локалниот пазар во Виена во последните 5 години и има најмалку 5 резервирани состаноци;
- да доставаат портфолио со фотографии од производ како доказ дека компанијата е присутна на австрискиот пазар (супермаркет, хотел или ресторан) во последните 5 години.

Трошоците за превозот Скопје – Виена – Скопје се на товар на самите компании.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**100**

*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088